НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ЏИМ МУН
# JIM MOON

## ГРАФИКИ / GRAPHICS





Иако за изложба на уметник од димензиите на Џим Мун (Jim Moon) не е потребна посебна причина, сепак оваа изложба на негови графики во Националната галерија на Македонија има барем три посебни поводи.

Првиот е фактот што речиси и не паметиме кога последен пат сме имале изложба на американски „класичен“ уметник. Кога велам „класичен“ мислам на уметник што ги практикува „старите традиционални“ ликовни дисциплини – сликарството, скулптурата, графиката, цртежот ...! Во овој контекст, „глобалното село“ и „леснотијата“ на новите медиуми во уметноста релативно доволно ни ги доближија актуелните случувања (и) на американската ликовна сцена. Но, ни останува празнината за поблиски информации и особено за директни контакти со онаа „друга“ американска уметност, онаа уметност на „класичен“ третман на ликовното дело, создавана во втората половина на минатиот век. Џим Мун, сликар и графичар, е еден од токму таа плејада американски уметници чиешто специфично творештво конзистентно опстојува наспроти сите брзопотезни движења и менувања на американската уметничка сцена. Негови дела се наоѓаат во бројни значајни јавни и приватни колекции, почнувајќи од престижниот Museum of Modern Art (MOMA) во Њујорк, North Carolina Museum of Art, ex-Peggy Guggenheim Collection, New York Public Library и др.

Вториот, и за нас секако битен повод се нескриената блискост и симпатиите што Џим ги чувствува кон Македонија, неговите контакти со нашите уметници, но и драгоцената помош – негова и на Здружението „Assolare“ – при гостувањата на македонски уметници во САД.

Третиот, и за Националната галерија на Македонија можеби најзначаен повод е неговата донација на циклусот графики (18 сериграфии) насловен „The Asolando Suite“. Овој несебичен гест на Џим, сè поредок последниве години дури и меѓу македонските уметници, всушност претставува прва ваква донација од американски уметник на Националната галерија на Македонија. Преку оваа донација Националната галерија на Македонија се вбројува меѓу престижните светски институции, заедно со The Hamilton Museum (Канада), The Statesville North Carolina Museum of Science and Art, Hofstra University, Duke University и многу други, во коишто овој циклус на Џим Мун ќе биде достапен на публиката. Уште еден куриозитет сврзан со овој циклус е што тој послужил како инспирација за истоимениот балет, изведуван во осумдесеттите години на минатиот век во Северна Каролина и Италија, според кореографија на Ralph Hewitt (сега извршен директор на Gallery Theatre, Ahoskie NC) и музика на Michael Beckerman (сега шеф на отсекот за музика на New York University).

Покрај циклусот „The Asolando Suite“, на оваа изложба се изложени уште десетина други графики (сопственост на уметникот), кои на извесен начин го заокружуваат впечатокот за графичкото творештво на Џим Мун. За жал, во оваа прилика Националната галерија на Македонија не беше во можност на македонската публика да ѝ прикаже и дел од сликарството на овој уметник. Но, тоа останува како наш долг кон уметникот за блиска иднина.

**Златко Теодосиевски**

 

Пол Р. Ајо

Да се родиш со името „Мун“ (месечина) значи да бидеш поттикнат да рефлектираш и осветлуваш. Џим Мун создава исклучителни и единствени уметнички дела повеќе од четириесет години. Во тој период од скоро половина век тој има создадено опус од дела што дополнително го потврдуваат тој аргумент.

Уметноста на Мун е повеќе од поттик. Таа ги повикува духовите на сликите, слободни но митски, пројавувајќи способност да ја одржи дистанцата и од сликовните претстави и од апстрактната уметност, а прифаќајќи го италијанското уметничко наследство со неверојатно чувство за дизајн.

Делата на Мун можат да се споредат со италијанскиот петнаесетти век, судејќи според структурата и според формата, но и со надреалистите, судејќи според споредбите и толкувањата. За разлика од ренесансата, претставите на Мун ги фаворизираат повеќекратните гледишта за сметка на поединечните ставови и, за разлика од надреалистите, тие го толкуваат физичкиот свет и се занимаваат со нашето колективно искуство наместо да ја анализираат потсвеста. Сите негови дела го одразуваат чудото на младоста, непрекинатата преокупација на Мун.

*Пол Р. Ајо е уметник, наставник и писател, и директор на Design and Visual Arts Services при Регионалниот совет за култура на Палм Бич.*



Франк Гетлајн

Една од првите непосредни реакции што гледачите ја извикуваат кога ќе видат група дела од Џим Мун е: „О, надреализам“. И како што е вообичаено кај непосредните реакции, и во овој случај треба потрезвено да се размисли.

За да може гледачот да ги процени делата на овој уметник во нивната богата сложеност, тој мора да се дистанцира од надреализмот. Повремено се појавуваат и допирни точки – наспроти споредбите со претставените нешта и со другите нешта што се невозможни во вистинскиот живот, а сепак се претставени со искрена увереност дека она што го гледате е тоа што, всушност, се случува. Прилично често гледачот ја чувствува и аурата на човековата сексуалност.

Но поважни се точките на не-допирање. Во делата на Мун нема ниту фројдијанизам ниту марксизам, а нема ни најмало навестување на претенциозност. Наспроти многубројните, всушност повеќето, главни дела на надреализмот, делата на Мун никогаш не биле третирани како прогласи. Тие едноставно претставуваат. Тие само бараат од вас да ги гледате зашто кога ги гледате ќе мислите на нив. Последното нешто на што ќе ве натераат да мислите е каде да ги сместите тие дела во долгата историја на уметноста.

Очигледно е дека му припаѓаат на 20-тиот век, очигледно е дека се американски. Но многу поочигледна е нивната поврзаност или навестувањето на италијанскиот петнаесетти век. Тоа не треба да изненадува зашто Италија воопшто, а посебно нејзиниот петнаесетти век, веројатно влијаеле врз Џим Мун како човек и уметник повеќе отколку било кој друг фактор во неговиот живот.



Италија редовно се појавува во неговите дела – а и во реалниот живот, зашто Мун вообичаено ги завршува телефонските разговори со „чао“ (иако кога одговара на повиците не вели „пронто“) и зашто работи на довршувањето на шокантно автентична паладијанска вила во шумичката на неговата фарма што се протега на 40 ари во делот од Северна Каролина познат како Пиедмонт.

Преокупациите на Мун со Италија датираат уште одамна, од почетоците на неговата сериозна кариера, а можеби и порано. Роден е во Греам, Северна Каролина, во годината на националната катастрофа – 1929. Мун учел во локалните училишта, а 1945 година, на 16-годишна возраст, бил примен на „Купер Јунион“ во Њујорк, каде што не се плаќала школарина, а единствената квалификација бил талентот.

На „Купер“ цимер му бил Вилијам Кинг, скулпторот кој го памети Мун како „авантуристички настроен и инвентивен“ во творештвото. Неговите најважни наставници биле неговиот земјак од југот, Роберт Гватмеј, и скулпторот Милтон Хебалд, кој отишол во Италија отприлика во истото време кога и Мун, но останал да живее таму, во Рим и во малото езерско село Брачиано.

Во 1952, по воената служба во Германија, Мун отишол во Венеција каде што станал доживотен пријател со Пеги Гугенхајм, често престојувајќи во нејзината куќа *Palazzo Venier dei Leoni*, што е сега претворена во музеј. Купил куќа во Азоло, во регионот Венето, и живеел таму до 1965. Се спријателил со уметниците, јавните личности и обичните луѓе од Азоло, кои пред тоа го имаа привлечено вниманието на еден друг уметник од англиското говорно подрачје. И Роберт Браунинг живеел таму извесно време и бил фасциниран од местото и од луѓето, исто како и Мун. Браунинг има напишано серија песни инспирирани од тој период, меѓу кои најпозната е „Пипа поминува“.



combing – чешање

И Џим Мун создал своја серија дела: 18 сериграфии насловени според зборот што го измислил Браунинг – „Азоландо“. Видени со брзото око и интуитивната перцепција на уметникот, серијата содржи 18 видувања на еден ден во животот на Азоло, концентрирани повеќе на луѓето отколку на местото. Поетот и уметникот заедно го создадоа „Азоландо“, магичното село, како Бригадун или Именси. Триесет години подоцна, во 1986 година, танчерите од Театарот за танц од Северна Каролина, на музиката на Мајкл Бекерман и според кореографијата на Ралф Хјуит, направија еден вид балет, во голема мера инспириран од сликите на Мун. Кусите танчерски точки и брзите музички секвенци совршено ги доловија комичниот аспект, но и симпатијата што уметникот ги имаше вградено во своите дела. Она што останува да се направи сега е филм или снимка во која би биле обединети музиката, танцот и оригиналните слики.

А тоа што уште побрзо мора да го направи самиот Џим Мун е завршувањето на паладијанската вила во шумата и отворањето уметничко училиште за кое палатата првобитно и била наменета. Уште од „Купер Јунион“ тој ужива во предавањето-учењето уметност, и тоа го има добро совладано. Предавал во најразлични академски и не-академски средини. Првата деценија по враќањето од Италија, тој секое лето повторно оди во Азоло со патувачки клас од студенти по уметност чиишто дела, исто како и делата на самиот Мун, беа збогатени од Венеција и од светлината на Венето.

Азоло на некој начин е родниот крај на Андреа Паладио и токму тој голем архитект, попрво отколку било која уметничка школа, бил пример што влијаел врз творештвото на Мун. Критичарите, меѓу кои спаѓа и авторот на овој текст, кај Мун забележуваат одредени асоцијации на Пауло Учело и Пиеро дела Франческа, на пример. Но јаснотијата и изразениот геометризам кај овие двајца сликари може



да се види и кај Паладио. Сепак, архитектот создаде нешто друго. Тој ја изгради својата репутација градејќи, пред сè, структури од скромни материјали. Токму тоа го прави и Џим Мун во своите дела. Тој луѓето и нивните активности ги прикажува во нивното најобично секојдневие. Но Мун ги поставува на различни рамништа на постоењето со своето сериозно, но никогаш претерано официјално внимание што им го посветува во своите дела.

Паладио ќе се согласеше вилата на Мун да биде направена и од сиви цигли. Архитектот и самиот ќе ги употребеше да му беа достапни. Театарската магија што го обвива последното големо дело на Паладио, *Teatro Olympiko* во Виченца, понекогаш тенденциозно го сметаат за не-паладијанско. Токму тоа е суштината на Паладио – иако не секогаш и на паладијанизмот – и токму таа магија ги обвива постојано и концентрирано делата на Џим Мун.

Френк Гетлајн е уметнички критичар од Вашингтон, признат на национално рамниште; пишувал за *The Washington Star, The New Republic* и за *The Milwaukee Journal*. Автор на повеќе од дваесет книги, редовно пишува во *Art in America, Burlington Magazine* (Лондон), *Smithsonian Magazine* и во многу други изданија.

*1993*






Елис Греј

Уметникот Џим Мун е извонреден уметник кој опстана во секакви времиња. Додека во изминативе повеќе од 40 години помодните струења ги вовлекоа уметниците во дневните текови – од апстрактниот експресионизам во 40-тите и 50-тите до денешната концептуална уметност – Мун постојано ја истражуваше својата единствена визија и создаваше исклучително убави дела во еден волшебен стил, технички совршен и само нему својствен.

Иако Мун никогаш не сакаше да биде во центарот на вниманието, успехот буквално се истури врз него. Вредно и инспирирано работејќи во Њујорк, Северна Каролина и Азоло, Италија, Мун ги привлече колекционерите и музеите од САД и Европа, а меѓу нив и њујоршкиот Музеј на современа уметност.

Оние што ги купуваат делата на Мун, секогаш сакаат да се претставaт како нешто повеќе од обични клиенти: „Џим ми е пријател" е една од првите забелешки што ќе ја чуете од оние што ги собираат неговите дела. Секако, самиот Мун е фасцинантен исто колку и неговите слики; разговорот со него може да ве занесе исто како и егзотичните животни, таинствените луѓе и фантастичните пејзажи што ги оживува во своите дела.

...

Џим Мун создаде исклучителен опус од дела што ја слават постојано младата способност на човекот да мисли и чувствува со својата имагинација. Уметничката публика насекаде во светот го цени мистичниот свет на Мун и се идентификува со него, а овие изложби само ќе го промовираат во еден од нашите најоригинални и најинспирирани уметници.

Елис Греј е независен писател и уредник во *Abbeyville Press*. Таа е ангажирана во *Art&Auction* и во списанието *ARTnews*. Има напишано и есеј за Ансел Адамс.



Ернст Џ. Грубе

Навистина нема ништо потешко отколку да се пишува за делата на овој уметник.

Зборовите не се слики; да беа, луѓето можеби ќе *пишуваа* наместо да создаваат ликовни дела. Некој ќе рече: само гледај во делото и тоа ќе ти *каже*. Но и за ова користиме збор, а тоа има врска со зборовите а не со сликите. Што ни преостанува? Да ви *кажам*? Ајде да се обидам.

Значи, првата работа што треба да се каже обично се однесува на она на што ве потсетува делото на некој уметник, а потоа, се разбира, мора да се спомнат и големите имиња. Зошто? Доколку, како во овој случај, сакате да зборувате за делата на Џим Мун, тогаш добро. Делата на Џим Мун најмногу ме потсетуваат на самиот Џим Мун. Џим Мун е единствен, а тој термин не го употребив туку-така – тој е навистина таков! Се разбира дека неговите дела ме потсетуваат на делата и на други уметници, како што и делата на сите други уметници потсетуваат на делата на некои други уметници што работеле пред односните уметници.

Ниту еден човек не е остров, особено не уметникот; но уметникот е, доколку е навистина уметник во вистинската смисла на зборот – односно, човек кој има нешто да каже во мигот што го надминува сегашниот миг и оди напред и назад во времето – човек кој може да нè поврзе со минатото и сегашноста, кој може да стане алка во синџирот од кој сме дел сите ние, но кој сето тоа го разбира подобро од нас. Значи, не само што тој не е остров, тој е знак на препознавање, а тој поим не го употребив во неговото секојдневно значење. Тој е знак на препознавање во смисла дека го означува местото – земјата – на којашто стои во моментот.

Но тој го поврзува она мало парче земја што во моментов сме го зафатиле, секој од нас поединечно, но исто така и заеднички, со голем дел – ако не и севкупната – од огромна површина што се наоѓа пред нас и се протега напред, до бескрајот. Така, тој ни дава рефе-



рентна точка, фиксирана точка, нешто цврсто во течението на времето и нè означува како дел од движењето кон она – само Господ знае што е тоа – што треба да дојде.

Џим Мун е токму таков уметник.

Неговите дела не можете да ги гледате без да ве „потсетат“ на нешто, но што е тоа? И неговите дела не можете да ги гледате без да бидете уверени дека ни кажува нешто што требало да го знаеме, а можеби некаде длабоко во нас – иако не сме уметници – ние некако нејасно сепак „знаеме“, но се разбира, тоа не можеме да го искажеме со зборови. Ете, пак ни се појавија „зборовите“!

Но тоа е тоа. Џим Мун не го искажува тоа со зборови, тој се искажува со слики; токму тоа го прави универзален. Зашто, колку и да се зборовите средство за комуникација, тие се сепак ограничени: мора да го знаете јазикот (а не само зборовите); мора да го разбирате значењето на секој збор и сите облици во кои постои и како најчесто се толкува; во спротивно ќе бидете сосема изгубени.

Можеби е точно дека сликите не се секогаш лесно разбирливи како што навидум изгледаат и затоа во некои случаи збор-два можат да помогнат. Токму затоа со радост и послушно ја прифатив поканата да пишувам за делата на Џим Мун. Сепак, токму сликата е таа што му „зборува“ (пак зборови!) на гледачот.

Ако само ги гледате делата на Џим Мун и не „размислувате“ за нив, туку ги оставите да ве обземат, тогаш ќе *видите* (еве еден од зборовите што навистина ни треба: *гледа, види, претстави*); во нив ќе најдете многу нешта за кои знаете уште одамна, но за кои не сте размислувале толку често. Делата на Џим Мун се како нешто што сме го доживеале, нешто што сите го *знаеме*, но иако нè потсетуваат на реалноста околу нас тие, всушност, не ѝ припаѓаат на таа реалност. Тие личат на слики што можеби сме ги виделе во соништата, со сите референци на реалноста на нашиот свет, но поинакви, некако оддалечени, поместени, подигнати на една повисока – ако сакате – надреална „реалност“.



...

Јасно е дека Џим Мун има визија на овој свет која, како што е случајот со сите големи уметници, го сублимира светот и нè тера повторно да го погледнеме со други очи, откако доволно долго сме гледале во неговите слики. И следниот пат кога ќе се шетате низ природа можеби и вие, ако имате среќа, ќе видите лик во некое дрво или фламинга на небото, ќе ги видите лисјата и пеперутките, и облаците од кои „сите сме направени“.

Ернст Џ. Грубе е наставник, кустос и писател кој работел во „Метрополитен“ музејот, на Универзитетот „Колумбија“ и на универзитетите во Падова, Наполи и Венеција. Сега наизменично работи во Њујорк и Венеција како со-издавач на биеналното издание *Islamic Art.*



20/25 Jim Moon '71



**Џим Мун**

Роден на 7 јуни 1928 во Греам, Северна Каролина

**Образование**

Купер Јунион, Њујорк, 1945-47
Универзитет на Северна Каролина, Чепел Хил, 1947-48
Академија Пјетро Ванучи, Перуџа, Италија, 1952-53
Магистрира на Професионалниот институт Ричмонд при колеџот Вилијам и Мери, 1956-57

***Постдипломски студии***
Колеџ на Мексико Сити, лето 1957
Школа на Бостонскиот музеј, 1958-59
Колумбија универзитет, 1966-67

**Избрани самостојни изложби**

Галерија Норлист, Њујорк, 1949
Хофстра колеџ (сега универзитет), Хемпстед, Њујорк, 1950
Меѓународен фестивал Устика, Италија, 1964
Галерија Бенвенуто, Вашингтон, 1965
Шпагети, Лондон, 1979
Воткинс/Фер современи уметности, Њујорк, 1980
Ла Галери, АЦИП (Американски колеџ во Париз), 1981
Галерија Реџина Корнаро, Азоло, Италија, 1981
Галерии Албер, Филаделфија, 1981
Збирка Калверт, Вашингтон, 1983
Галерија Калверт, Палм Бич, Флорида, 1988

**Јавни збирки**

Уметничка галерија на Хамилтон, Онтарио, Канада
Музеј на уметноста при Универзитетот Дјук, Дарем, Северна Каролина
Академија за ликовни уметности на Џорџија, Калхун
Музеј на Универзитетот Хофстра, Хемпстед, Њујорк
Музеј на современата уметност, Њујорк
Јавна библиотека на Њујорк
Уметнички музеј на Централниот универзитет на Северна Каролина, Дарем
Музеј на уметноста на Северна Каролина, Рали
Уметничко школо на Северна Каролина, Винстон-Салем
Институт Нортвуд, Мидленд, Мичиген
Уметнички совет на Палм Бич (Флорида)
Музеј на науката и уметноста на Стејтсвил (Северна Каролина)
Јавна библиотека на Винстон-Салем (Северна Каролина)

Џим Мун
Национална галерија на Македонија
Мала станица
септември 2006

Издавач: Национална галерија на Македонија
Крушевска 1а, 1000 Скопје, Македонија
Тел. +389 (0)2 31 33 102 Факс +389 (0)2 31 26 856
www.mng.com.mk; e-mail: artgall@mol.com.mk

За издавачот: Златко Теодосиевски, директор
Текст: Златко Теодосиевски
Извадоци од „Пет есеи за неговото сликарство, Џон Д. Чепмен
Организатор на изложбата: Александра Зиновски-Вилиќ
Стручен соработник: кустос Татјана Бундалевска
Коректура: Михаил Лопарски
Фотографии: Ѓорѓи Тричковски
Превод на македонски: Мариа Хаџимитрова Иванова
Ликовно обликување: Борис Шемов
Печат: Скенпоинт, Скопје
Тираж: 500 примероци

Проектот е финансиран од Министерството за култура на Република Македонија
Авторски права: © Национална галерија на Македонија

**CIP-** Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски“, Скопје

76.03673) (06.064) Мун,Џ.

МУН, Џим
Графики / Џим Мун = Graphics / Jim Moon; [текст Златко Теодосиевски; извадоци од „Пет есеи за неговото сликарство“, Џон Д. Чепмен: фотографии Ѓорѓи Тричковски;превод на македонски Маја Хаџидимитрова Иванова], Скопје: Национална галерија на Македонија, 2006. 16 стр.: илустр. претежно во боја; 23 см

**ISBN 9989-694-80-X**

а) графики - САД - Изложби

COBISS.MK-ID 66630154

